ЈАВЕН ПОВИК ЗА 2027 ГОДИНА

Постапка, услови и начин за избор на соработници за управување со отпадни гуми

ГУМАТЕК ДОО Скопје (ЕМБС 7667329, ЕДБ 4058023544892), како колективен постапувач со отпадни гуми, ги поканува заинтересираните субјекти со соодветни важечки дозволи да достават понуда за собирање, транспорт, складирање и/или преработка и рециклирање на отпадни гуми за 2027 година.

1 Правна основа

Повикот се објавува согласно член 29 став (13) од Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Службен весник на РСМ“ бр. 215/2021 и 73/2024). При спроведувањето се применуваат и Законот за управување со дополнителни текови на отпад („Службен весник на РСМ“ бр. 216/2021, со исправка бр. 195/2022), Законот за управување со отпад и важечките подзаконски акти.

2 Предмет на соработката

- Собирање и транспорт на отпадни гуми;
- Привремено складирање на отпадни гуми;
- Третман, преработка и/или рециклирање на отпадни гуми;
- Обезбедување и одржување соодветна инфраструктура за наведените активности.

Понуда може да се достави за една или повеќе активности, во рамките на дозволите и капацитетите на понудувачот.

3 Услови за учество

- Важечки дозволи од надлежниот орган за понудената активност, локација и вид отпад, согласно прописите;
- Соодветна опрема, возила, простор, кадар и оперативен капацитет за активностите што се нудат;
- Обезбедена следливост, одделна евиденција и документација за отпадните гуми што припаѓаат на системот на ГУМАТЕК.

Собирањето, транспортот и складирањето се доверуваат на правни лица што ги исполнуваат законските услови. Физички лица можат да учествуваат само за активности за кои прописите го дозволуваат тоа и за кои поседуваат соодветна дозвола. Собирачот треба да обезбеди најмалку едно собирно место поврзано со јавен пат, согласно член 41 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад.

4 Траење и постапка за избор

Повикот е отворен во текот на 2027 година, до исполнување на потребите и целите на системот на ГУМАТЕК. Евентуално затворање или измена на повикот се објавува на www.gumatek.mk.

Понудите се разгледуваат периодично. Прво се проверуваат документацијата, важноста и опфатот на дозволите и исполнувањето на условите. Некомплетните понуди нема да бидат разгледувани.

При изборот на квалификуваните понудувачи се земаат предвид: техничкиот и оперативниот капацитет, територијалната покриеност, роковите за преземање, следливоста и предложените цени и услови. Критериумите се применуваат еднакво на споредливи понуди за иста активност, со почитување на конкурентноста и заштитата на пазарот. Изборот и причините за него се документираат, а понудувачите се известуваат писмено.

Со избраните субјекти се склучуваат договори за најмалку една фискална година, согласно член 21 став (8) од Законот за проширена одговорност. Со договорот се утврдуваат видот и количината на отпадот, активностите, цените, роковите, документацијата и меѓусебните права и обврски. Доставувањето понуда не значи автоматски избор или гарантирана количина.

5 Документација и доставување на понудата

- Основни податоци за понудувачот и контакт лице со телефон и е-пошта;
- Копии од важечките дозволи и релевантните прилози;
- Опис на опремата, возилата, локациите, капацитетот и подрачјето на работа;
- Понудени активности, количини што може да се опслужат, рокови, цени и услови за соработка.

Понудите се доставуваат по е-пошта, по пошта или лично:

gumatekinfo@gmail.com

ГУМАТЕК ДОО Скопје, Булевар Србија бр. 10, Скопје
Назнака: „Понуда за соработка со отпадни гуми за 2027 година“.

6 Известување и контрола

Избраните соработници водат точна и ажурирана евиденција и до ГУМАТЕК доставуваат податоци и документација според прописите и договорот. Годишниот извештај за количината и видот на отпадот евидентиран за ГУМАТЕК во 2027 година се доставува најдоцна до 31 јануари 2028 година.

Соработниците овозможуваат договорни проверки од ГУМАТЕК и надзор од надлежните органи, во рамките на нивните законски овластувања. Дозволите мора да останат важечки за време на извршувањето, а за нивна измена, истекување или одземање веднаш се известува ГУМАТЕК.

7 Предавање на отпадот и следливост

Избраните оператори постапуваат само во рамките на своите дозволи. Отпадните гуми се предаваат на овластени собирачи и складишта, односно во инсталации за преработка и рециклирање што се дел од договорниот систем на ГУМАТЕК, согласно член 29 од Законот за проширена одговорност и член 41 од Законот за управување со дополнителни текови на отпад.

Собирачот ги предава отпадните гуми во инсталација за рециклирање и преработка што е дел од системот без надоместок за предавањето, согласно член 41 став (5). Условите за надоместување на договорените услуги се уредуваат со договор, во согласност со закон.

За секој пренос се обезбедуваат пропишаните идентификациони и транспортни формулари, а копии се доставуваат до ГУМАТЕК. При предавање на друг овластен субјект се наведува количината што му припаѓа на системот на ГУМАТЕК и се доставува соодветната документација.

Количините се евидентираат одделно по колективен или самостоен постапувач. Не е дозволено истата количина да се евидентира повторно како нова количина кај истиот или кај друг постапувач.

8 Преработка и прекугранично движење

За намерата за сопствена преработка или рециклирање, односно предавање на трето лице за преработка или рециклирање со извоз, операторот го известува ГУМАТЕК и доставува податоци за количините и пропишаните формулари, согласно член 29 став (6).

При извоз се обезбедуваат и документите за прекугранично движење, потребните согласности или дозволи и царинската документација, зависно од класификацијата на отпадот и применливата постапка. Извозната декларација сама по себе не ги заменува останатите пропишани документи.

За докажување на преработката се доставува документација за конечната операција и примателот. Самото дробење на гуми, без добиен финален производ, не се засметува во националните цели за преработка, согласно член 43 став (3) од Законот за управување со дополнителни текови на отпад.

ГУМАТЕК ДОО Скопје